**ЗДРУЖЕНИЕ НА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТАТУТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Пречистен текст)

**Скопје, Ноември 2005**

Врз основа на член 2 и 14 од Законот за здруженија на граѓани и фондациите (Службен весник на рм БР. 31/98), Собранието на Здружението на физиотерапевти на Република Македонија на својата седница одржана на 25.11.2005 год. донесе:

# С Т А Т У Т

на Здружението на физиотерапевти
на Република Македонија

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението на физиотерапевти (во понатамошниот текст: Здружение), е доброволно стручно Здружение кое организирано работи на општествено и стручно оспособување и усовршување на своето членство.

Во Здружението членуваат физиотерапевти со завршено соодветно стручно образование, ученици и студенти во завршна година и се здружуваат со заеднички интерес, особено во унапредувањето на стручната работа од подрачјето на физикалната медицина и рехабилитација и грижа за положбата на своите членови во Општеството.

### Член 2

Името на Здружението гласи: Здружение на физиотерапевти на Република Македонија.

Седиштето на Здружението е во Скопје, Општина Аеродром, на Бул. Јане Сандански бр. 25/3-15.

### Член 3

Здружението има својство на правно лице, со сите права. Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со овој Статут. Здружението ги остварува своите права, должности и одговорности согласно со Уставот, законите и овој Статут.

### Член 4

Здружението има свој печат, штембил и аблем.

а) Печатот на Здружението има тркалезна форма, со пречник од 3 см на чија внатрешна страна полукружно е напишано: Здружение на физиотерапевти на Р.Македонија. Во средината на печатот се наоѓа знакот на Здружението.

б) Штембилот има правоаголна форма (2х5 см.)во која хоризонтално е испишано името и седиштето на Здружението, бројот, дата и место.

в) Амблемот на Здружението е составен од две фигури. Една фигура е во форма на буквата “Ф“ и друга во форма на буквата “Т“.

**Член 5**

Работата на Здружението е јавна. Јавноста во работата се остварува преку правовремени потполни и вистински информации на своето членство и пошироката општествена јавност за прашања од делокругот на својата работа

Седниците на органите и телата на Здружението се јавни, а сите нормативни акти и записници се достапни за секој негов член.

Здружението за текот на својата работа ќе издава соопштенија, зборници, публикации, билтени.

## II ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 6**

Цели и задачи на Здружението се:

- да работи на стручното издигање и усовршување на своето членство по пат на организирање на разновидни облици на масовна, образовно- воспитна и стручна работа;
- да се грижи за еднаква општествена и економска положба на своето членство и постигнување на еднакви услови за работа, заштита и наградување;
- да се залага, за обезбедување на подобра и поефикасна здравствена заштита на работните луѓе и граѓани, за побрз развој на здравството, за проширување, рационализација и модернизација на здравството, за квалитетни здравствени услуги, за подигање на здравствената култура и здравствениот стандард на населението;
- да го информира своето членство за современите достигања во медицинската наука;
- да направи стандарди и критериуми за вреднување на работата;
- да се грижи за омасовувањето на организацијата, развивање на внатрешни демократски односи помеѓу членството, органите и телата на Здружението;
- да покренува прашања од пошироко општествено – политичко и економско значење за Здружението;
- да влијае на различните форми на перманентно стручно усовршување;
- да се залага за отварење на високо образование и понатамошна едукација на физиотерапевтите на Европско и Светско ниво;
- да се грижи за вреднување на доброволната работа и активност на Здружението и за таа цел воспоставува соодветни признанија;
- да соработува при изработка на единствен начин и програма за образование на своето членство;
- да соработува со други организации на здравствени работници од ист или сличен карактер во Републиката и други држави;
- самостојно да ги следи, изучува, третира и решава или да предлага решенија за решавање на проблемите од својата област;
- да покренува иницијативи за нормативно регулирање на оделни прашања преку Закони и други прописи;
- да се здружува со соодветни организации од областа на здравството, за организирање на заедничка активност за утврдување и спроведување на заеднички програми и акции за прашањата од интерес на своето членство;
- Здружението своите цели и задачи ги остварува преку организирање на стручни состаноци, семинари, советувања и конгреси.

## III ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 7**

Членовите во Здружението можат да бидат редовни и почесни.

Членови на Здружението можат да бидат физиотерапевти кои се државјани на Република Македонија.

Редовни членови на Здружението можат да бидат сите физиотерапевти со завршено соодветно стручно образование (средно, вишо или високо), ученик или студент со завршна година на стручна школа/факултет, смер физиотерапевт.

Почесен член на Здружението може да биде секој работен човек или граѓанин кој со своја работа во Здружението или надвор од него допринел за негова афирмација на општествено или стручно поле како и за негов успешен развој и напредок.

Членување во Здружението е доброволно и за:

- медицински сестри кои работат на работно место физиотерапевт
- пензионери;
- вработени вон здравствена дејност;
- вработени вон Република Македонија, ако постојано живеалиште им е Република Македонија.

При зачленување во Здружението, членот потполнува пристапница, приложува 2 фотографии не постари од 6 месеци, и копија од диплома или потврда од соодветна школа/факултет, добива членска книшка и плаќа чланарина за тековната година.

Висината на чланарината ја утврдува Собранието на Здружението на почетокот на секоја година со посебна одлука.

**Член 8**

Право и обврска на секој член на Здружението е:

- активно да учествува во работата на Здружението и неговите органи и тела;
- да ги остварува целите и задачите на Здружението во согласност со Статутот и Програмата за работа на Здружението;
- да ги спроведува одлуките на органите и телата на Здружението и во својата работна единица да се грижи за нивно оживотворување, а со тоа да допринесува за угледот на истото;
- да бира и да биде биран во органите и телата на Здружението;
- да присуствува и активно да учествува во стручните состаноци на Здружението;
- да предлага мерки за подобрување на работата на Здружението;
- постојано да работи на сопственото стручно образование и оспособување;
- редовно да плаќа чланарина во Здружението;
- членовите на Здружението и неговите органи и тела се одговорни на Собранието на Здружението за својата целокупна работа и за извршување на добиените задачи;

**Член 9**

Здружението доделува награди и признанија на поедини свои членови.

Одлуката за доделувањето на награди и признанија ја донесува Извршниот одбор на Здружението а по претходен предлог на членовите односно работните единици каде работат членовите.

**Член 10**

Извршниот Одбор на Здружението со посебен правилник ги уредува односите во врска со начинот и видот на доделувањето на наградите.

Се воспоставуваат три вида награди:

1. Благодарница
2. Плакета
3. Статуетка во форма на логото на Здружението.

**Член 11**

Членството во Здружението може да престане:

- по своја желба;
- ако подолго од 6 месеци не плати чланарина и покрај писменото предупредување;
- со исклучување по одлука на Етичката комисија или Собрание;
- ако поради вршење на професионално-здравствена работа е кривично казнет од редовниот суд и пресудата станала правосилна;
- смрт;

Престанокот на членство во Здружението го констатира Извршниот одбор на првиот нареден состанок откако настанала било која претходно наведена причина.

## IV ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ

**Член 12**

Здружението се организира на целата територија на Република Македонија.

Здружението е единствена организација на целокупното членство.

Здружението на физиотерапевти на Република Македонија го сочинуваат:

а) општински организации;
б) градски организации;
ц) секции.

## V - ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Извршен одбор;
- Претседател;
- Надзорен одбор.

## V - а СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 14**

Собранието е највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите редовни членови на Здружението.

Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието најмалку еднаш годишно.

Седницата на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор или на 1/5 од вкупниот број на членови на Собранието. Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работата на Извршниот одбор може да се свика и на предлог на Надзорниот одбор.

**Член 15**

Собранието може да работи и да донесува полноважни одлуки ако на Собранието присуствуваат најмалку 30% од вкупниот број на членови на Собранието.

Во случај на Собранието да не присуствуваат доволен број на членови, седницата на Собранието се одложува.

Своите одлуки и заклучоци Собранието ги донесува ако за нив се изјаснат повеќе од половината присутни членови на Здружението, освен за измени и дополнување на Статутот каде е потребно позитивно изјаснување на најмалку 30% од вкупниот број на членови на Собранието, а за одлука за престанок со работа на Здружението потребно е 2/3 мнозинство.

Одлуките од својата надлежност, како и изборот на органите Собранието ги врши по претходна расправа и по правило јавно.

Гласањето може да биде и тајно, доколку за тоа се донесе посебна одлука.

За работата на Здружението се води Записник што го потпишуваат претседавачот на седницата и двајца заверувачи на записникот.

**Член 16**

Собранието го отвара Претседателот на Собранието и го води до изборот на работно Претседателство.

На Собранието се избира и записничар, и двајца оверувачи на записникот.

**Член 17**

Собранието расправа и одлучува за следното:

- донесува Статут на Здружението, односно врши измени и дополнувања на истиот;
- донесува едногодишна или повеќегодишна програма за работа;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка за материјално-финансиското работење од претходната година;
- ја разгледува организацијата и работата на Здружението и донесува одлуки и заклучоци за нивно подобрување;
- ги разгледува извештаите за работата на Извршниот одбор и Етичката комисија;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки врз основа на одредбите од овој Статут и другите акти на Здружението;
- донесува деловник за работа на Собранието на Здружението;
- формира постојани и привремени работни и други тела (комисии, одбори, работни групи и сл.) и го утврдува нивниот мандат, број и нивните задачи;
- донесува Правилник за доделување на признанија и награди;
- од своите редови избира органи на Здружението;

- донесува одлука за разрешување на органите и телата на Здружението;
- одлучува за прием на почесни членови;
- одлучува за висината на членарината;
- одлучува по предлози на Извршниот и Надзорниот одбор;
- ја потикнува издавачката и публицистичката дејност, а по потреба издава и свое гласило;
- ја потикнува научно-издавачката дејност, односно стручната дејност на своето членство;
- избира делегација и делегати кои ќе го претставуваат Здружението во други земји;
- донесува одлука за престанок на работата на Здружението;
- одлучува за промена на целта на Здружението;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здруженоието;
- одлучува за здружување или разделување од друго Здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- расправа и одлучува по други прашања од значење за делувањето на Здружението, кои произлегуваат од законските прописи, Статутот и другите акти на Здружението.

## V – б ИЗВРШЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 18

Собранието на Здружението од своите редови избира Извршен одбор.

Извршниот одбор на Здружението е колективен Извршен орган на Собранието и брои 13 члена (Претседател, секретар, благајник и 10 членови).

Изборот на членовите на Извршниот одбор се врши на седница на Собранието, јавно или ако поинаку не се одлучи.

Претседателот, секретарот и благајникот на Здружението по функција се членови на Извршниот одбор. Претседателот на Здружението истовремено е и Претседател на Извршниот одбор и на Собранието.

Мандатот на Извршниот одбор трае две години, со можност за избор и во наредниот мандатен период.

При изборот на членовите на Извршниот одбор треба да се води сметка за рамномерна застапеност од сите региони на Република Македонија.

Седница на Извршниот одбор може да се свика и на предлог на:
- орган на Здружението;
- најмалку 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

### Член 19

Извршниот одбор расправа и завзема ставови и мислења особено за следното:
- ја води и организира работата на Здружението помеѓу двете Собранија;
- се грижи за реализација на Програмата за работата на Собранието и за неговите заклучоци, ставови и други документи што ги донесува;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- се грижи за материјално-финансиското обезбедување и работење на Здружението и во рамките на своите овластувања донесува одлуки за користење на средствата, согласно законските прописи;

- формира постојани и повремени тела и го определува нивниот состав и делокруг на работа;

- дава предлог до Собранието за основање и укинување на општински и градски Здруженија и секции;

- донесува одлука за доделување признанија и награди како и подготвува предлози за прием на почесни членови на Здружението;

- ги подготвува актите на Здружението, и му предлага на Собранието да ги усвои;

- организира разновидна соработка со другите организации на здравствените работници од ист или сличен карактер во Републиката и странство;

- формира организациони одбори за подготовка и одржување на стручни манифестации кои ги организира Здружението;

- поднесува извештај, најмалку еднаш годишно за својата работа и за работата на телата пред Собранието на Здружението;

- врши и други работи кои ќе му ги довери Здружението.

**Член 20**

Извршниот одбор може да работи и да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови.

Извршниот одбор за својата работа е одговорен на Собранието.

## V - в ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 21**

Претседателот го избира Собранието на Здружението со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата на Собранието.

Кандидат за Претседател може да предложат органи на Здружението, како и 10 посто од вкупниот број членови на Собранието.

Мандатот на Претседателот трае две години, со право на повторен избор.

**Член 22**

Претседателот на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:

- свикува седници на Собранието и Извршниот одбор на Здружението;

- потпишува документи за финансиско-материјалното работење на Здружението;

- го претставува и го застапува Здружението во земјата и странство;

- потпишува акти;

- го координира функционирањето на Здружението;

- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на Здружението;

- организира стручни манифестации и собири, заедно со Извршн. одбор;

- во определени случаи ангажира стручни лица од одредени области за помош во извршување на својата функција;

- врши и други работи што ќе му ги доверат Собранието на Здружението и Извршниот одбор или се утврдени со Закон и овој Статут.

**Член 23**

Функцијата на Претседателот на Здружението престанува:
- по негово барање;
- со разрешување од Собранието на Здружението.

Собранието на Здружението одлуката ја донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

## V - г СЕКРЕТАР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 24**

Секретарот на Здружението го избира Собранието од редот на своите членови со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидат за Секретар можат да предложат органи на Здружението како и 10 посто од вкупниот број членови на Собранието.

Мандатот на Секретарот трае 2 години со право на повторен избор.

**Член 25**

Секретарот ги има следните права, должнодти и одговорности:
- ги подготвува седниците на Собранието и на Извршниот одбор;
- ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на Собранието и Извршниот одбор;
- по овластување на Претседателот ги потпишува финансиските документи на Здружението;
- се грижи за спроведување на начините и формите на евиденција на членството;
- во отсуство на Претседателот раководи со седниците на Извршн. одбор;
- врши и други работи што ќе му ги доверат Собранието, Извршниот одбор и Претседателот на Здружението.

**Член 26**

Функцијата на Секретарот му престанува:
- по негово барање;
- со разрешување од Собранието на Здружението.

Предлог за разрешување на Секретарот можат да поднесат:
- орган на Здружението;
- најмалку 1/3 од бројот на членовите на Здружението;

Собранието на Здружението одлуката ја донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

## V - д БЛАГАЈНИК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 27**

Благајникот на Здружението го избира Собранието од редот на своите членови со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидат за Благајник може да предложат органи на Здружението како и 10 посто од вкупниот број членови на Собранието.

Мандатот на Благајникот трае 2 години со право на повторен избор.

**Член 28**

Благајникот ги има следните права, должности и одговорности:

- по овластување на Претседателот ги потпишува финансиските документи на Здружението;
- се грижи за навремено плаќање на членарината, наплата на котизација за семинари, како и за навремено плаќање на сите превземени обврски;
- врши и други работи што ќе му ги доверат Собранието, Извршниот одбор и Претседателот на Здружението.

## V –ѓ НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 29**

Надзорниот одбор се избира од редовите на членовите на Собранието. Надзорниот одбор брои три члена што ги избира Собранието на Здружението, со мнозинство гласови.

**Член 30**

Надзорниот одбор се грижи за спроведување на Статутот и другите акти и врши надзор на материјално-финансиското работење на Здружението.

Надзорниот одбор има право да побара од Претседателот да свика Собрание на Здружението по прашања од претходниот став.

**Член 31**

На првата конститутивна седница, Надзорниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 2 години и можност за избор на уште еден.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 2 години со можност за уште еден избор и во наредниот мандатен период.

Надзорниот одбор поднесува извештај и е одговорен пред Собранието на Здружението.

## VI МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 32**

Здружението средствата за работа ги остварува преку:

- чланарина од членството;
- доброволни прилози, донации, подароци и слично;
- средства од организирање на стручни собири.

**Член 33**

Материјално финансиското работење на Здружението се врши во согласност со законските прописи на правилникот за материјално финансиско работење.

Финансиските средства на Здружението се користат за остварување на задачите утврдени со планот за работа на Здружението што го утврдува Собранието на Здружението.

Со финансиските средства на Здружението управува Извршниот одбор на основа донесениот финансиски план.

Документите за финансиско-материјално работење на Здружението ги потпишува Претседателот, Секретарот и благајникот.

### Член 34

Контролата за наменско работење и располагање со средствата и приходите на Здружението врши Надзорниот одбор.

Секој член на Здружението има право да бара од Надзорниот одбор да изврши увид во наменското трошење на средствата. Барањето за увид треба да го достави во писмена форма до Надзорниот одбор, а после извршената контрола да добие писмен одговор.

## VII ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

### Член 35

Членови на Здружение можат да сносат дисциплинска одговорност ако:

- не го почитуваат Статутот и одлуките на органите на Здружението;
- се однесуваат спротивно од интересите на Здружението или непримерно према статусот на физиотерапевтот;
- не го почитуваат Етичкиот кодекс на Здружението.

### Член 36

Дисциплински мерки:

- писмена опомена;
- привремено исклучување до 1 година;
- трајно исклучување;

Дисциплинските мерки ги донесува Етичката комисија, а само мерката за трајно исклучување ја потврдува Собранието. Членот на Здружението на кој му е изречена дисциплинска мерка може да се жали до Собранието.

## VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

Во случај на престанок на работата на Здружението, целокупниот имот и финансиските средства поминуваат во организацијата која ќе продолжи со нејзината активност.

Здружението престанува со работа, ако:

- со одлука на Собранието со 2/3 мнозинство;
- кога бројот на членовите се намали под бројот потребен за основање, (согласно член 17 од Законот за Здруженија на граѓани и фондации – Службен весник на РМ бр. 31/98);
- одлука на Уставниот суд на Република Македонија;
- во други услови предвидени со Закон.

Претседателот на Здружението е должен за околностите од став 2 на овој член да го извести Основниот суд во рок од 15 дена од нивното настанување.

### Член 38

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу двете Собранија Извршниот одбор на Здружението.

**Член 39**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и при негово донесување.

**Член 40**

Овој Статут стапува на сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Здружението
М-р сци СНЕЖАНА ЛАЗАРЕВСКА